Република Северна Македонија
ОПШТИНА ЗРНОВЦИ
Бр. 09-30 8/6
23.08 2023 год.
ЗРНОВЦИ

A-PDF Image To PDF Demo. Purchase from www.A-PDF.com to remove the watermark

Врз основа на чл.114 ст.1 од Законот за јавните набавки ( „Службен весник на РМ“ бр.24/19) одговорното лице на Договорниот орган-Градоначалникот на Општина Зрновци, постапувајќи по предлогот од Комисијата за јавни набавки, содржан во изготвен записник на ден 23.08.2023 год. ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за поништување на постапката за објавување на јавен оглас**

1. **СЕ ПОНИШТУВА постапката за објавување на јавен оглас, како и јавниот оглас за јавна набавка на работи**, и тоа за:

**Асфалтирирање, изградба и реконструкција на улици и патишта во општина Зрновци**

која се спроведува со Поедноставена отворена постапка, преку ЕСЈН, по Оглас бр.15028/2023 објавен на ЕСЈН на ден 22.08.2023 година

*2.* Одлуката стапува на сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Комисијата за јавни набавки назначена за овој предмет на набавка констатираше недостаток поради настаните непредвидени промени во буџетот на договрниот орган и истата оцени дека тендерската документација содржи битни пропусти или недостатоци.
Комисијата заклучи да се направи нов јавен оглас , за потребите на Општина Зрновци.

Врз основа на чл.114 ст. 1 алинеја 3 и алинеја 5 од Законот за јавните набавки / „ Службен весник на РМ“ бр. 24/19

(1) Договорниот орган може да ја поништи постапката за јавна набавка, за што носи одлука за поништување на постапката ако:

- настанеле непредвидени промени во буџетот на договорниот орган
- оцени дека тендерската документација содржи битни пропусти или недостатоци

За таа цел, на ден 23.08.2023 год. Комисијата за јавни набавки, до одговорното лице на Договорниот орган, Градоначалникот на Општина Зрновци, достави Записник од одржан состанок на Комисијата во кој е содржан предлогот за поништување на конкретната постапка, односно предлог - одговорното лице на договорниот орган - Општина Зрновци, постапката согласно чл.114 ст.1 алинеја 3 и алинеја 5 од Законот за јавните набавки да ја поништи, и да донесе Одлука за поништување на истата.

На основа на предлогот за поништување од Комисијата за Јавна набавка, одговорното лице на Договорниот орган одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Одлучено на ден 23.08.2023 год.

**Правна заштита:** Рок за жалба 5 /пет/ дена сметано од денот на приемот на Одлуката, со истовремено доставување на жалбата во електронска форма до Државната комисија за жалби по јавни набавки и до Договорниот орган преку ЕСЈН

**Општина Зрновци**
**Градоначалник**
**Борчо Коцев**

**Доставено до:**
- Архива
- Досие